# РЕЗИМЕ НА
# НАЦРТ СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА
# СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
# 2008-2010

**Скопје, Април 2008 година**

**СОГЛЕДУВАЊЕ**

Стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања ги содржи сите елементи согласно структурата на текстуалниот дел на стратешкиот план.

## 1.1 ВОВЕД

Секретаријатот за европски прашања е основан како посебна стручна служба на Владата на Република Македонија во 2005 година, со трансформација на претходниот Сектор за европска интеграција во рамките на Генералниот секретаријат на Владата. Формирањето на Секретаријатот беше одговор на нараснатите потреби кои произлегуваат од интензивирањето на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, во функција на стратешката цел за членство на Република Македонија во ЕУ.

Членството во ЕУ, од воспоставувањето на системот на стратешко планирање, во континуитет е стратешки приоритет на Владата, со непосреден фокус на отворање преговори за членство во ЕУ.

Имајќи ја предвид поврзаноста со остварувањето на стратешката цел на Република Македонија и хоризонтална мултисекторска функција на Секретаријатот за европски прашања, стратешкото планирање на Секретаријатот е од битно значење за подготвеноста на Република Македонија за членство во ЕУ.

## 1.2 МИСИЈА

Обезбедување стручна поддршка и координација на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготовка на Република Македонија за членство во Европската унија.

## 1.3 ВИЗИЈА

Секретаријатот за европски прашања ефикасно да ја оствари својата координативна функција во текот на пристапувањето во Европската унија, со успешно завршени преговори за членство и да ја приспособи својата функција кон исполнување на обврските на Република Македонија како членка во ЕУ.

## 1.4 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Секретаријатот за европски прашања работи особено на:

- Координација и усогласување на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготовка на Република Македонија за членство во Европската унија;
- Следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија;
- Учество и следење на работните тела формирани во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите договори со Европската унија;
- Координација и следење на реализацијата на Европското партнерство;
- Координација и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија;
- Подготовка на македонската верзија на *aquis communautaire* (правото на Европската унија) и превод на македонското законодавство;
- Јакнење на институционален капацитет за водење на процесот на европска интеграција;
- Подготовка за преговори на Република Македонија за членство во Европската унија и учеството во формулирање на идните преговарачките позиции;
- Координација на странската помош од Европската унија и нејзините земји членки и другата странска помош поврзана за реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската унија;
- Информирање и комуникација со јавноста за активностите поврзани со процесот на европската интеграција и европските прашања;
- Усогласување на работата на органите на државната управа на Република Македонија како држава членка на Европската унија.

## 1.5 СПЕЦИФИЧНОСТ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Секретаријатот за европски прашања е стручна служба на Владата на Република Македонија раководен од членот на Владата задолжен за европски прашања кој ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државна управа. Работата на Секретаријатот за европски прашања е уредена со Законот за Владата на Република Македонија. Секретаријатот за европски прашања има хоризонтална координативна функција за прашањата поврзани со подготовката за членство на Република Македонија во ЕУ. Секретаријатот остварува интензивна соработка со органите на државната управа и други органи и институции. Секретаријатот остварува функција на мониторинг на обврските. Секретаријатот нема управна функција.

## 1.6 СТРУКТУРА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА (ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ)

Во тек е подготовка на нов Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места, кој ќе биде во сила од почетокот на реализација на овој Стратешки план.

## 1.7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ (ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ)

**/**

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

1. Подготвеност за водење на преговори за членство во Европската унија и успешно спроведени преговори
2. Успешна реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија
3. Ефикасно спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) и влегување во втора фаза
4. Ефикасно користење на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и подготвеност за користење на структурните фондови на Европската унија
5. Подготвена македонска верзија на правото на Европската унија и превод на македонското законодавство
6. Одржување на висок степен на информираност и поддршка на јавноста за членство во Европската унија

7. Подготвеност на јавната администрација за функционирање како дел од европскиот административен простор
8. Постигнување висок степен на партнерски однос со Европската комисија, директоратите во нејзин состав и други тела и институции на ЕУ.

## 1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2006 ГОДИНА

Согласно законската надлежност на Секретаријатот за европски прашања како стручна служба на Владата за обезбедување на стручна поддршка и координација на работата на органита на државната управа во процесот на пристапување на РМ во ЕУ Секретаријатот во текот на 2006 година ги реализираше следниве проектирани активности од Стратешкиот план на СЕП за 2006 година:

**1.Зајакнување на капацитетот на државната администрација за ефикасно спроведување на процесот на европска интеграција на РМ во ЕУ**

- Вработени 59 државни службеници во СЕП и другите министерства и органи на државната управа согласно приоритетните потреби на ЕИ-процесот.( Министерство за земјоделство, шумарство, водостопанство – ИПАРД, Ветеринарна управа, Министерство за транспорт и врски,Министерство за финансии,Биро за јавни набавки,Дирекција за заштита на лични податоци, Министерство за внатрешни работи, Министерство за надворешни работи, Министерство за правда Министерство за труд и социјална политика и СЕП);
- Издигната организациска структура на СЕИ во Секретаријат за европски прашања како стручна служба на Владата на РМ за координација на процесот на приближување на РМ кон ЕУ
- Донесени правилници за внатрешна организација и систематизација на работни места за СЕП.

**2.Обука за европските прашања на државните службеници во органите на државната управа за прашања од Европската унија (ЕУ)**

- Спроведени 51 обуки за државни службеници инволвирани во ЕИ-РМ процесот , особено оние кои членуваат во Работните групи на НПАА

- Обучени 750 државни службеници
- Спроведена наставната програма за етаблирање на Европскиот тренинг центар (ЕИТЦ) при Економскиот факултет, Универзитет "Кирил и Методиј", за третата година од проектот подржан од Темпус програмата.
- Изработен Оперативен план за ЕУ обука за 2007/2008 година.

**3. Доделување средства за постдипломски студии од областа на ЕУ во странство**

- доделени 17 стипендии за постдипломски студии од областа ЕУ/ЕИ на универзитети во странство.

**4. Зајакнување на мисијата на Република Македонија во Брисел**

- Подготвен и усвоена Инфромација на Владата и донесени заклучоци.
- Обезбедени средства во Буџетот на СЕП за 2007 година.

**5. Координација, следење и обезбедување на стручна поддршка на националниот систем за управување и координација на процесот на европска интеграција**

- Остварено следење на имплементацијата на Стратегијата за интегрирање на РМ во ЕУ
- Одржани билатерални состаноци на министерско ниво (министри и државни секретари) за приоритени прашања од процесот на европска интеграција).
- Одржан 1 состанок на Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) и реализирани заклучоци на РКЕИ преку писмена комуникација и состаноци на РКЕИ со министерствата и другите органи на државната управа.

**6. Следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија**

- Реализирано учество во состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација.
- Реализиран состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација.
- Обезбедено реализирање на заклучоците на Комитетот за стабилизација и асоцијација преку писмена комуникација со министерствата и другите органи на државната управа.
- Реализиран по еден состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност, Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поткомитетот за траснпорт, животна средина, енергетика и регионален развој, Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуреција, Поткомитетот за економско-финансиски работи и статистика, Поткомитетот за земјоделство и рибарство и Поткомитетот за индустрија, царина и даноци. (изработени усогласени записници за одржаните состаноци на Поткомитетите и изработени информации за реализирани состаноци на Поткомитетите на ССА и усвоени од Владата на РМ.
- Обезбедено реализирање на заклучоците од состаноците на Поткомитетите на ССА.
- Детектирани обврски од ССА за втора фаза и изработка на план за нивно исполнување
- Изработување на детална матрица за втората фаза на ССА и нејзино поврзување со НПАА матрицата
- Воспоставување на систем за рано предупредување и редовно ажурирање

**7. Следење на реализација на Акцискиот план за имплементација на Европското партнерство**

- Ажуриран и ревидиран Акциски план за имплементација на Европското партнерство со инкорпорирани препораки на Европската комисија.
- Ажурирање на извештаи на Акцискиот план за имплементација на Европското партнерство на неделно ниво и нивно усвојување од Владата.

- Доставени извештаи на Акцискиот план за имплементација на Европското партнерство до Европската комисија.

**8. Подготовка и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA)**

- Подготвена прва верзија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија од Владата на Република Македонија (NPAA) и усвоена од Владата на РМ.
- Доставена НПАА до службите на ЕК за мислење.
- Започнат проект за Британската влада за надградба на базите на податоци на НПАА.
- Започната постапка на инкорпорирање на забелешките на ЕК во однос на првата верзија на НПАА.
- Ажурирање на составот на членовите на Работните групи на НПАА.

**9. Координација на процесот на изработка на македонската верзија на aquis communautaire (правото на Европската унија)**

- Изработен и усвоен од Стратешкиот план за подготовка македонска верзија на aquis communautaire и превод на македонското законодавство.
- Спроведен тендер за преведувачки услуги со период на реализација 2006-2008.
- Преведени 4600 страници од Службениот весник на Европската унија
- Изработена веб апликација Регистер за следење на процесот на преведување.
- Поставена база на веб страната на СЕП на преводи на македонското законодавство.
- Затворен циклус на преведување 2003 - 2005, во делот на преведување на планираните акти.

**10. Координација и следење на странската помош во Република Македонија**

- Подготвена Платформа за преговори за приоритетите на Република Македонија во новиот Инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ИПА).
- Формиран основниот тим (јадро) на идната Платежна Агенција за рурален развој и обезбедена основна обука.
- Преговарани и склучени билатерални спогодби за соработка (поддршка) со Шведска, Норвешка, Австрија и Холандија
- Реализирани промотивни настани за инструментите за поттикнување на инвестициона соработка со деловни субјекти од Холандија и Австрија
- Во соработка со ЕАР и Делегацијата на Европската Комисија во Македонија, дефинирана КАРДС Годишната акциона програма за 2006 год.
- Потпишана Финансиската спогодба за КАРДС Годишната акциона програма за 2006 година
- Редовно информирање на Владата за реализација на донаторските програми (TAIEX, ТВИНИНГ, ЕУ помош, билатерална помош)
- Зајакната координација со донаторската заедница преку реализација на серија донаторски координативни состаноци на теми: реформа на јавна администрација и програма за јавни инвестиции, Европско партнерство и НПАА, земјоделство и рурален развој и животна средина.
- Започната реализација на осум твининг проекти во рамки на КАРДС Програмата .
- Реализирани повиците за проектни предлози за програмата за соседство со Република Бугарија во рамките на КАРДС 2004
- Комплетно редизајнирана и ажурирана Централната база на податоци за странска помош (УНДП проект)

**11. Подигнување на јавната свест за интеграција на Република Македонија во Европската унија и европските прашања**

- Организирани преку 20 прес конференции.

- Реализирана Стратегијата за информирање и односи со јавноста од 2003 година
- Изготвени прес-клипинг/дневен информатор на дневна основа.
- Изготвени 12 електронски и печатени билтени на македонски и англиски јазик
- Спроведена Информативна кампања за ЕУ во 13 градови во РМ, со која беа опфатени преку 2000 граѓани со што е постигната препознатлива идентификација на процесот на пристапување кон ЕУ
- Изработен и усвоен "Оперативен план за имплементација на Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста за процесот на европската интеграција за 2006 година".
- Успешна организација на Конференција за ЕУ комуникациска мрежа во соработка со Генералниот Директорат за проширување на ЕК и Делегацијата на ЕУ во РМ.
- Организирана прослава на денот на Европа, 9 мај, (дисеминирани публикации и останат пропаганден материјал, учество во караванот кој посети повеќе градови во Македонија и тоа Битола, Куманово, Тетово и Кавадарци.
- Објавени 2 публикации: „Европската Унија по проширувањето на Исток" во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер во тираж од 1000 примероци; „Донатори во Република Македонија" на македонски и англиски јазик во тираж од 500 примероци
- Организирани 3 работни посети на СЕП на организирани групи ученици и студенти во Владата на Република Македонија.
- Учество на состанокот за ЕУ комуникациска мрежа за пристапување во Брисел
- Подготовка на нова Стратегија за комуникација и односи со јавноста во процесот на интеграција на РМ во ЕУ
- Одржани месечни состаноци и една работилница со портпаролите/лицата задолжени за комуникација со јавноста во владините структури во рамките на проектот „Стратегија за комуникација и односи со јавноста во процесот на интеграција на РМ во ЕУ
- Спроведено испитување на јавното мислење за процесот на европска интеграција
- Одржување и развивање на веб страницата

- Медиумска кампања „Одиме напред“ во весници, на радио и преку билборди
- Одбележан Денот на пролетта (20 март) во соработка со невладини организации, организирани предавања и посети на училишта
- Организиран квиз ЕУфорија на Саемот на книгата со свечено доделување на награди.

**12. Информатичка поддршка на СЕП и другите министерствата и органи на државната управа за потребите на процесот на СЕП и обезбедување на нивно непречено функционирање**

- Реализирана јавна набавка на ИТ опрема за Комисијата за борба против корупцијата, Народен правобранител; за министерствата и другите органи на државната управа (МНР, МТВ, МЕ, МЗ, МЖСПП, МОН, МК, МВР, МП, СЗ, ГС) во насока на јакнење и обезбедување услови за ефикасно работење и функционирање на институциите на државната управа.

- Развивање на софтвер и бази на податоци за НППЗ и НПАА.

- Инсталирање на електронски Деловодник во СЕП

**13. Набавка на опрема за остварување на активностите за имплементација на националното законодавство од краткорочен приоритет на ЕИ- РМ процесот**

- реализирана јавна набавка за лабораториска опрема за Дирекцијата за храна со која ќе се зајакнат инспекторските служби посебно во делот на увозот на храна;
- набавка на информатичка и комуникациска опрема за потребите на СЕП и министерствата (116 компјутери од кои 60 за нововработните помлади соработници со Програма 9, 1 фотокопир, 3 мултифункциски машини, 11 мрежни печатачи, 4 сервери)
- набавка на лабараториска опрема за Фитосанитарната управа со која ќе се овозможи целосно испитување на пестицидите во насока на реализирање на Законот за здравје на растенијата како и директивата 2000/29/ЕСС на ЕУ и набавка на опрема за Управата за ветеринарство

- изработка на софтвер за Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи и изработка на интегриран WEB информациски систем за работење на Бирото за јавни набавки
- набавка на опрема за Одделението за крим тахника при Министерството за внатрешни работи

**14. Обезбедување стручна поддршка на процесот на европска интеграција**

- Остварување на стручна поддршка на Работните групи за Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и на ресорните министерства во остварувањето на нивните функции поврзани со ЕУ
- Остварена јавна набавка за консултански услуги за поддршка на процесот на европска интеграција.

## 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

### 1.10.1 Вработување на државни службеници во Секретаријатот за европски прашања и другите органи на државната управа директно вклучени во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ (сектори/одделенија за европска интеграција, работни групи за изготвување на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ) и други

**/**

### 1.10.2 Јакнење на институциите и обука на државните службеници во органите на државната управа за потребите на процесот на европска интеграција

- Спроведени 35 обуки за државни службеници инволвирани во ЕИ-РМ процесот, особено оние кои членуваат во Работните групи на НПАА
- Обучени 538 државни службеници
- Се изработува Оперативен план за ЕУ обука за 2007-2010 година.
- Се воспостави соработка меѓу СЕП, Бледската школа за менаџмент и СЕКИ за обука и надградба на менаџерските вештини на администрацијата, и во првата година од соработката за периодот 2007-2008 учества на летни школи и магистерски програми добија 19 државни службеници

- Се организираа три паралелни летни школи на темите ЕУ, јавна админситрација и креативни индустрии на кои зедоа учество 80 државни службеници.

**1.10.3 Доделување средства за постдипломски студии од областа на ЕУ во странство**

- доделени 8 стипендии за постдипломски студии од областа ЕУ/ЕИ на универзитети во странство.

**1.10.4 Доделување средства за постдипломски студии за државни службеници во областа на ЕУ на Универзитетите на Република Македонија**

- **(**постапката е во тек, се очекува да се доделат 20-25 стипендии на државни службеници инволвирани во процесот на европска интеграција.

**1.10.5 Зајакнување на капацитетот на Постојаната Мисија на РМ во Брисел со работно ангажирање на 2 лица од Секретаријатот за европски прашања**

- Подготвена Спогодба за упатување на државни службеници за работа во Мисијата на РМ во Брисел и доставена до Министерство за финансии и Министерство за надворешни работи на кое што Министерството за финансии одговори потврдно и во тек се преговори со МНР за потпишување ни конкретна реализација на спогодбите за зајакнување на Мисијата на РМ во Брисел.

**1.10.6 Координација, следење и обезбедување на стручна поддршка на националниот систем за управување и координација на процесот на европска интеграција**

- На секоја Владина седница приоритетите кои произлегуваат од Европското апртнерство се разгледуваат како прва претточка. Подготвени и одржани се и седум тематски седници на Владата.
- Одржана тематска седници на Генералниот колегиум на Владата во функција на Работен комитет за европска интеграција
- На секоја седница на генералниот колегиум како претточка се разгледуваат приоритетни прашања од Европското партнерство.

- Одржани    седници со раководителите на работните групи за НПАА и подготовка на преговарачки позиции.
- Интензивирана работата на работните групи за за НПАА и подготовка на преговарачки позиции.

**1.10.7 Следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и  Европската унија**

- Реализирано учество во состанокот на Советот за стабилизација и асоцијација.
- Реализиран состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација.
- Обезбедено реализирање на заклучоците на Комитетот за стабилизација и асоцијација преку писмена комуникација со министерствата и другите органи на државната управа.
- Реализиран по еден состанок на Поткомитетот за траснпорт, животна средина, енергетика и регионален развој, Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуреција, Поткомитетот за економско-финансиски работи и статистика, Поткомитетот за земјоделство и рибарство и Поткомитетот за индустрија, царина и даноци. (изработени усогласени записници за одржаните состаноци на Поткомитетите и изработени информации за реализирани состаноци на Поткомитетите на ССА и усвоени од Владата на РМ.
- Започнување на петиот циклус на состаноци на телата на ССА (Поткомитетот за правда, слобода и безбедност Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика)
- Обезбедено реализирање на заклучоците од состаноците на Поткомитетите на ССА.

**1.10.8 Следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (NPAA) и нејзино ажурирање**

- НПАА разгледана од Комисијата за европски прашања на Владата
- Усвоена Националната програма за усвојување на правото на ЕУ.
- Унапреден системот на мониторинг на НПАА.
- Зајакната соработката со Генералниот секретаријат на Владата
- Обезбедено точно и редовно ажурирање на статусот на подготовка на актите предвидени со НПАА

- Извршени измени и дополнувања на Деловникот на Владата во поглед на задолжителноста на изјавите за усогласеност и табелите на кореспондентност и утврден нов образец на овие документи.
- Обезбедено е стриктно почитување на деловничките одредби.
- Иајзвите за усогласеност и кореспондентните табели за законите од НПАА со кои се врши транспонирање на acquis се доставуваат до Собранието на Република Македонија
- Подобрен процесот на консултација, СЕП задолжително доставува мислења по законите предвидени со НПАА

**1.10.9 Координација на процесот на изработка на македонската верзија на aquis communautaire (правото на Европската унија)**

- Стратешки план за подготовка на македонска верзија на aquis communautaire и превод на македонското законодавство.
- Преведени вкупно 10.000 страници секундарно законодавство од Службен весник на Европската унија.
- Преведени вкупно 4.000 страници македонски закони и други документи од важност за процесот на европска интеграција.
- Изработена веб апликација за ЕУ терминологија и корпус на веб.
- Затворен циклус на преведување 2007, во делот на преведување на планираните акти.
- Ревидирани вкупно 2.500 страници.
- Издадени: Упатство за управување со проектен циклус; Речник на термини – ЕУ и претпристапната помош.

**1.10.10 Воспоставување на систем за водење на преговори на Република Македонија со Европската унија и учество во формулирање на идните преговарачките позиции**

- Подготвена Институционална платформа и концепт за водење на преговорите за членство на Република Македонија во ЕУ
- Реализирани размени на мислења со Хрватска за искуствата од преговорите
- Реализирана работилница со експерти од Бугарија за водење на преговорите

**1.10.11 Координација и следење на странската помош во Република Македонија**

- Усвоен нацрт Акционен план за ИПА подготовки
- Имплементиран Акционен план во делот на програмирањето со целосно следење на временската рамка
- Поднесени и одобрени од Европска комисија Стратешка кохерентна рамка и Оперативните програми за сите пет ИПА компоненти
- Номинирање и етаблирање на ИПА структура
- Подготовка на ИПА информативна кампања
- Потпишување на финансиска спогодба за ИПА 2007 (I дел)
- Потпишување на рамковна спогодба за ИПА
- Потпишан Меморандум за разбирање за Седмата Рамковна Програма за Истражување
- Започната имплементација на КАРДС проектот: Техничка помош за воспоставување на Оперативен децентрализиран систем за користење на помош од Европската унија
- Реализиран повикот за проектни предлози за програмата за соседство со Република Грција во рамките на КАРДС 2004-2006
- Реализирани повиците за проектни предлози за програмата за соседство со Република Бугарија во рамките на КАРДС 2005
- Потпишани меморандуми за билатерална соработка со Република Словенија и Велика Британија
- Ефикасно координирана подготовка на проекти согласно донаторските стратегии и приоритетите на ВРМ
- Ажурирана Централна база на податоци на Владата на Република Македонија за странска помош (CDAD – Central Donor Assistance Database) – регистрирани повеќе од 150 проекти;
- Информирање на генерален колегиум и ВРМ за тековни проблематични проекти со предлог решенија

**1.10.12 Информирање и комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија и за прашања поврзани со ЕУ**

- Изработена и донесена Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во Процесот за пристапување во ЕУ 2007-2010 и Оперативен план за имплементација за 2007 година
- Подготовени месечни прегледи (осум) за напредокот во процесот на пристапување и дистрибуирани до ЕК, дипломатско-конзуларни претставништва – дистрибуирани до тела и институции на ЕУ
- Организирани преку 30 прес конференции и информативни настани.
- Изготвен прес-клипинг/ информатор од странските и домашните медиуми на дневна основа.
- Изготвени 12 електронски и печатени билтени Европа на македонски и на англиски јазик
- Дистрибуиран Билтен Европа до ДКП-а, до тела и институции на ЕУ, до членови на ЕП, до единици на локална самоуправа, до институциите на државната управа
- Спроведена Информативна кампања за ЕУ во 8 градови во РМ, со која беа опфатени преку 1000 граѓани со што е постигната препознатлива идентификација на процесот на пристапување кон ЕУ
- Организирана прослава на денот на Европа, 9 мај, (дисеминирани публикации и останат пропаганден материјал, учество во каравaнот кој посети повеќе градови во Македонија.
- Преведени и испечатени 5 публикации/втори дополнети изданија на брошурата „И Сонцето е ѕвезда".
- Организирани 4 работни посети на СЕП на организирани групи ученици и студенти
- Одржани 6 месечни состаноци и една работилница со портпаролите/лицата задолжени за комуникација со јавноста во владините структури во рамките на проектот „Стратегија за комуникација и односи со јавноста во процесот на интеграција на РМ во ЕУ
- Спроведени 2 испитувања на јавното мислење за процесот на европска интеграција
- Одржување и развивање на веб страницата
- Редизајн на веб страницата

- Одделението за обука за европски прашања во соработка со и Министерството за обраование и наука ја имплементира кампањата Учиме за ЕУ предвидена во Стратегијата подготвена од Одделението за информирање – посетени основни и средни училишта и Универзитети
- Одделението за обука за европски прашања во соработка со Министерството за локална самоуправа ја имплементира кампањата Одиме локално предвидена во Стратегијата подготвена од Одделението за информирање – остварена посета во повеќе градови.

## 1.11 ПРОГРАМИ

### 1.11.1 Стручна поддршка и координација на водењето преговори за членство во ЕУ

- *Оваа програма произлегува од:* Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2008 година Продолжување на активностите за отпочнување на преговори за членство во ЕУ.
- *Цел на Програмата:*Успешно спроведување на преговорите за членство во ЕУ и склучување на Договор за пристапување.
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели за успешност:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Ефикасна преговарачка структура | **Показател за успешност:** воспоставена и функционална преговарачка структура |
| **Резултат 2:** Воспоставени механизми и процедури за водење на преговорите | **Показател за успешност:** обезбеден непречен и ефикасен тек на скриниг и постапка за усвојување на преговарачките стојалишта и преговори со ЕУ |
| **Резултат 3:** Квалитетни преговарачки стојалишта | **Показател за успешност:** висока динамика на водење на преговорите |
| **Резултат 4:** Зајакната мисија во Брисел со експерти | **Показател за успешност:** остварена успешна комуникација со ЕК за процесот на преговорите |

- *Планирани резултати за 2008*
  - Изработени записници од подготвителните состаноци на членовите на Преговарачката структутра на Република Македонија за членство во Европската унија ;
  - Ажурирана база на податоци поврзани со преговорите;
  - Изработен нацрт на Договорот за пристапување на Република Македонија во Европската унија.

- *Планирани резултати за 2009*
  - Изработени записници од подготвителните состаноци на членовите на Преговарачката структутра на Република Македонија за членство во Европската унија;
  - Ажурирана база на податоци поврзани со преговорите;
  - Работа на нацрт Договорот за пристапување на Република Македонија во Европската унија;

### 1.11.2. Следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (NPAA) и нејзино ажурирање

- *Оваа програма произлегува од:* стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2008 година: Продолжување на активностите за отпочнување на преговорите за членство на Република Македонија во ЕУ.
- *Цел на Програмата:* Навремена имплементација на Национална програма за усвојување на правото на Европската унија (NPAA).
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели на успешноста:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Изготвена НПАА за 2008 - 2010 | **Показател за успешност:** Навремено усвојување на НПАА од страна на ВРМ и нејзино поднесување до ЕК |
| **Резултат 2:** Тековно следење и ажурирање на НПАА | **Показател за успешност:** Редовни и точни извештаи за реализација на НПАА |
| **Резултат 3:** Интегриран и функционален систем за електронско следење на НПАА | **Показател за успешност:** Систем за ажурирање на НПАА преку интранет |

- *Планирани резултати за 2008*
  - Учество во одржаните 2-4 состаноци (месечно) на работните групи за Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (NPAA);
  - Изработени извештаи за реализацијата на NPAA во соработка со министерствата и органите на државната управа;
  - Верификуван извештај на NPAA од РКЕИ и Владата на РМ;
  - Испратен извештај на NPAA до Службите на ЕК;
  - Ажурирана база на податоци на NPAA;

- *Планирани резултати за 2009*
  - Учество во одржаните 2-4 состаноци (месечно) на работните групи за Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (NPAA);
  - Изработени извештаи за реализацијата на NPAA во соработка со министерствата и органите на државната управа
  - Верификуван извештај на NPAA од РКЕИ и Владата на РМ
  - Испратен извештај на NPAA до Службите на ЕК
  - Ажурирана база на податоци на NPAA.

### 1.11.3. Следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА)

- *Оваа програма произлегува од:* Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2008 година: продолжување на активностите за отпочнување на преговорите за членство на Република Македонија во ЕУ.
- *Цел на Програмата:* Ефикасна имплементација на програмата
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели на успешноста:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1**: Ефикасно функционирање на институционалната структура за следење на имплементацијата на ССА | **Показател за успешност:** Навремена подготовка за состаноците на телата на ССА, учество и доследно исполнување на превземените обврски. |
| **Резултат 2:** Интегриран систем за следење на ССА И НПАА | **Показател за успешност:** Изработена матрица со детектирани обврски, нејзино ажурирање и воспоставен систем за рано предупредување. |
| **Резултат 3:** Анализа на влијанието на втората фаза на ССА и комуникација на можностите кои произлегуваат од втората фаза со пошироките целни групи. | **Показател за успешност:** Обезбедени секторски анализи, објавени анализи на веб страна прилагодени за бизнис секторот и формирање на форум кој преку трибини ќе ги промовира можностите од ССА. |

- *Планирани резултати за 2008*
  - Навремено алармирање за достасаните обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ажурирање на Матрицата за следење на имплементацијата на ССА
  - Учество на Состанокот на Советот за стабилизација  и асоцијација.
  - Одржан еден состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација
  - Изработен усогласен записник за одржаниот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација
  - Изработена информација за реализиран состанок на Комитетот за ССА и усвоена од Владата на РМ
  - Остварено следење на реализацијата на  заклучоците на Комитетот за стабилизација и асоцијација преку писмена комуникација со министерствата и другите органи на државната управа
  - Реализиран по еден состанок на секој од седумтте Поткомитети во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација: за правда и внатрешни работи, за развој на човечки ресурси, истражување, технолошки развој и социјална соработка, за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, за внатрешен пазар и конкуренција, за економски и финансиски работи, за земјоделство и рибарство и за трговија, индустрија, царина и даноци
  - Изработени усогласени записници за одржаните состаноци на Поткомитетите
  - Изработени информации за реализирани состаноци на Поткомитетите за ССА и усвоени од  Владата на РМ
  - Остварно следење реализацијата  од состаноците на Поткомитетите на ССА

- *Планирани резултати за 2009*
  - Навремено алармирање за достасаните обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ажурирање на Матрицата за следење на имплементацијата на ССА
  - Учество на Состанокот на Советот за стабилизација  и асоцијација.
  - Одржан еден состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација

- Изработен усогласен записник за одржаниот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација
- Изработена информација за реализиран состанок на Комитетот за ССА и усвоена од Владата на РМ
- Остварено следење на реализацијата на заклучоците на Комитетот за стабилизација и асоцијација преку писмена комуникација со министерствата и другите органи на државната управа
- Реализиран по еден состанок на секој од седумтте Поткомитети во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација: за правда и внатрешни работи, за развој на човечки ресурси, истражување, технолошки развој и социјална соработка, за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, за внатрешен пазар и конкуренција, за економски и финансиски работи, за земјоделство и рибарство и за трговија, индустрија, царина и даноци
- Изработени усогласени записници за одржаните состаноци на Поткомитетите
- Изработени информации за реализирани состаноци на Поткомитетите за ССА и усвоени од Владата на РМ
- Остварно следење реализацијата од состаноците на Поткомитетите на ССА

### 1.11.4. Координација и мониторинг на Претпристапниот инструмент (ИПА) и другата странска помош

- *Оваа програма произлегува од:* Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2008 година: продолжување на активностите за отпочнување на преговорите за членство на Република Македонија во ЕУ.
- *Цел на Програмата:* Ефикасно искористување фондовите од инструментот за претпристапна помош (ИПА) и другата странска помош
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели на успешноста:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Координација на претпристапниот инструмент (ИПА) | **Показател за успешност:**<br>- Усвојување на ИПА оперативните програми од страна на Комитетот ИПА на земји членки<br>- Потпишување на финансиските спогодби за ИПА |
| **Резултат 2:**<br>Воспоставување на систем за мониторинг и евалуација на проекти | **Показател за успешност:**<br>- Бр. На доставени формулари за евалуација<br>- Формирано и екипирано одделение<br>- Бр. На институции со кои е остварена соработка на техничко ниво во поглед на размена на податоци за текот на проектите<br>- % на користење на ЦДАД при евалуација на проектите<br>- Доставени информации до Влада |
| **Резултат 3:**<br>Програми и агенции на заедницата | **Показател за успешност:**<br>- % на искористеност на програмите<br>- бр. На нови приоритетни програми |
| **Резултат 4:**<br>Координација на билатерална и мултилатерална помош | **Показател за успешност:**<br>- вклученост на СЕП во изработката на донаторските стратегии<br>- вклученост на СЕП во програмирањето |

- *Планирани резултати за 2008*
  - Ефикасно функционирање на децентрализираниот систем за користење на помош од Европската унија
  - Потпишан финансиски меморандум за користење на ИПА- финансиски инструмент за 2008 година и одобрени стратешки документи/планови на останатите донатори

- Потпишани 2-5 финансиски меморандуми за билатерална помош
- Ефикасно реализирани проекти финансирани со странски донатори
- Ажурирана Централна база на податоци на Владата на Република Македонија за странска помош (CDAD – Central Donor Assistance Database);
- Изработка на извештаи за следење на спроведувањето на странската помош во Република Македонија, два пати годишно

- *Планирани резултати за 2009*
    - Ефикасно функционирање на децентрализираниот систем за користење на помош од Европската унија
    - Потпишан финансиски меморандум за користење на ИПА- финансиски инструмент за 2009 година и одобрени стратешки документи/планови на останатите донатори
    - Потпишани 2-5 финансиски меморандуми за билатерална помош
    - Ефикасно реализирани проекти финансирани со странски донатори
    - Ажурирана Централна база на податоци на Владата на Република Македонија за странска помош (CDAD – Central Donor Assistance Database)
    - Изработка на извештаи за следење на спроведувањето на странската помош во Република Македонија, два пати годишно.

**1.11.5. Јакнење на институциите и обука на државните службеници во органите на државната управа за потребите на процесот на европска интеграција**

- *Оваа програма произлегува од:* Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети: Зајакнување на административните капацитети на државната управа.
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели на успешноста:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:** ЕУ/ЕИ обуки | **Показател за успешност:** Оддржани 180-200 обуки, обучени 2700 службеници во периодот 2008-2010 |
| **Резултат 2:** Стипендии за магистерски ЕУ/ЕИ студии за државни службеници во Република Македонија и во странство | **Показател за успешност:** 70-80 доделени стипендии за магистерски студии за ЕУ/ЕИ во Република Македонија и во странство за периодот 2008-2010 |
| **Резултат 3:** Зајакната соработка со партнерски организации од регионот и ЕУ | **Показател на успешност:** стекнати и применети најдобри практики за институционална поддршка на процесот на пристапување |
| **Резултат 4:** Зајакната соработка со цивилниот сектор во процесот на пристапување | **Показател на успешност:** остварени заеднички активности со цивилниот сектор |

- *Планирани резултати за 2008*
  - Вработени 60 - 80 лица во Секретаријатот за европски прашања и ресорните оддели на државната администрација коишто работат на процесот на европска интеграција
  - Спроведен Оперативен план за ЕУ обука за 2007-2008

- Реализирани најмалку 20 обуки и опфатени најмалку 600 државни службеници согласно Оперативниот план за ЕУ обука за 2007-2008
- Направена евалуација на најмалку 20 спроведени обуки
- Спроведена програма за доделување средства за постдипломски студии од областа на ЕУ во странство.
- Зајакнување на капацитетот на Постојаната Мисија на РМ во Брисел со работно ангажирање на 1 лица од СЕП

- *Планирани резултати за 2009*
    - Вработени 60- 80 лица во Секретаријатот за европски прашања и ресорните оддели на државната администрација коишто работат на процесот на европска интеграција
    - Спроведена програма за доделување средства за постдипломски студии од областа на ЕУ во странство
    - Зајакнување на капацитетот на Постојаната Мисија на РМ во Брисел со работно ангажирање на 1 лице од СЕП

**1.11.6. Подготовка на македонска верзија на правото на Европска унија и превод на македонското законодавство**

- *Оваа програма произлегува од:* Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2008 година; Пристапување на РМ во ЕУ
- *Цел на Програмата:* Македонска верзија на правото на Европската унија и превод на македонското законодавство
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели за успешност:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:**Превод на 60.000 страници од Службениот весник на Европската унија | **Показател за успешност:** Преведени 60.000 стр. од Службениот весник на Европската унија. |
| **Резултат 2:** Превод на 12.000 стандардизирани страници потребни документи кои се од важност за процесот на Европска интеграција | **Показател за успешност:** Обезбеден квалитетен, конзистентен и прецизен превод на потребните 12.000 страници документи кои се од важност за процесот на Европска интеграција. |
| **Резултат 3:** Повеќегодишен договор за преведувачки услуги | **Показател за успешност:** Потпишан повеќегодишен договор за преведувачки услуги, односно обезбедена постојана преведувачка структура од во просек 40-60 преведувачи |
| **Резултат 4:** Подготовка на надворешни преведувачи и толкувачи, правници - лингвисти за работа во институциите на ЕУ | **Показател за успешност:** Обезбедена обука за преведувачите (најмалку 20) и толкувачите (најмалку 20), правниците – лингвисти (најмалку 10) за идната работа во институциите на ЕУ |
| **Резултат 5:** Превод на 4.800 страници примарно законодавство од Службениот весник на Европската унија | **Показател за успешност:** Преведени, стручно и правно ревидирани 4.800 страници примарно законодавство од Службениот весник на Европската унија односно обезбедени сигурни, конзистентни и квалитетни македонски верзии на 4.800 страници од Службениот весник на Европската унија. |
| **Резултат 6:** Превод на 3.000 стандардизирани страници македонско законодавство | **Показател на успешност:** Преведени 3 000 стандардни страници македонско законодавство |
| **Резултат 7:** Јакнење на Техничките | **Показател на успешност:** Стабилна и |

| | |
|---|---|
| комитети | целосно функционална структура на Техничките комитети задолжени за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија која ќе може да ја следи динамиката за превод на правните акти на Европската унија. |
| **Резултат 8:** Терминологија | **Показател на успешност:** Изградена база на податоци за терминологија; градење на терминологија по поглавја од правото на Европската унија. |
| **Резултат 9:** Ревизија и унапредување на квалитетот на преводите | **Показател на успешност:** Зголемување на процентот на јазично, стручно и правно ревидирани преводи на правните акти на Европската унија и на Република Македонија; формирање на тело за верификација на преводите на правните акти на Европската унија. |

- *Планирани резултати за 2008*
  - Преведени 15.000 страници од Службениот весник на Европската унија (преведени, стручно правно ревидирани 15.000 страници и утврдена терминологија)
  - Оперативна веб апликација за ЕУ терминологија и корпус на Веб
  - Формирана Комисија за верификација на преводите на правните акти на ЕУ
- *Планирани резултати за 2009*
  - Спроведен повеќегодишен тендер за преведувачки услуги
  - Преведени 15.000 страници од Службениот весник на Европската унија (преведени, стручно правно ревидирани 15.000 страници и утврдена терминологија)
  - Подготовени надворешните преведувачи и толкувачи за работа во институциите на ЕУ

### 1.11.7. Комуникација и информирање на јавноста

- *Оваа програма произлегува од:* Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2008 година; Пристапување на РМ во ЕУ
- *Цел на Програмата:* Добро информирани граѓани подготвени да ги исполнат обврските и преземат правата од членството на РМ во ЕУ
- *Очекувани резултати (компоненти) од Програмата и показатели за успешност:*

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br>Градење на капацитет за комуникација со јавноста во министерставата на ВРМ, градење мрежа на лица задолжени за односи со јавноста од единиците на локалната самоуправа и изготвени стратегии за комуникација со јавноста во процесот на пристапување во ЕУ во министерствата на ВРМ | **Показател за успешност:**<br>Обучени лица за комуникација со јавноста во процесот на пристапување во ЕУ во министерствата<br>Број на стратегии |
| **Резултат 2:**<br>Јакнење на јавната свест и знаење | **Показател за успешност:**<br>Број на активности |
| **Резултат 3:** Информирање на јавноста за странската помош | **Показател за успешност:**<br>- успешно спроведена ИПА информативна кампања<br>- бр. на успешно реализирани апликации |

- *Планирани резултати за 2008*
    - Изработен и усвоен од Владата на Република Македонија Оперативен план за 2008 година согласно Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста за областа на процесот на европска интеграција на Република Македонија
    - Спроведен тендер за информативна кампања за имплементација на Оперативниот план за 2008 година
    - Спроведен Оперативен план за 2008 година
    - Ажурирана и надградена Веб страница на Секретаријатот за европски прашања
    - Изработени од 2 до 5 публикации
    - Изработени 12 билтени, 2 брошури и 2-3 памфлети
    - Организирани најмалку 12 конференции за печат
    - Организирани најмалку 5 информативни настани
    - Спроведени 2 анкети за испитување на јавното мислење и анализи на јавното мислење.

- *Планирани резултати за 2009*
    - Изработен и усвоен од Владата на Република Македонија Оперативен план за 2009 година согласно Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста за областа на процесот на европска интеграција на Република Македонија и усвоен од Владата на Република Македонија
    - Спроведен тендер за информативна кампања за имплементација на Оперативниот план за 2009 година
    - Спроведен Оперативен план за 2009 година
    - Ажурирана и надградена Веб страница на Секретаријатот за европски прашања
    - Изработени од 2 до 5 публикации

- Изработени  12 билтени, 2 брошури и 2-3 памфлети.
- Организирани најмалку 12 конференции за печат
- Организирани најмалку 5 информативни настани

Сите програми содржат план за спроведување кој содржи образложение на програмата и од каде произлегува нејзиното дизајнирање односно со кој стратешки приоритет и приоритетна цел од Одлуката на Владата за утврдување на стратешки приоритети за 2008 година е поврзана. Исто така дадена е и поврзаноста на програмите со обврските на секретаријатот содржани во НПАА. Утврдени се целите на програмите, дадени се показателите за успешност со кој би се измерил напредокот односно спроведувањето на програмата, утврдено е дали програмата е хоризонтална односно вертикална,секоја програма содржи очекувани резултати,дадени се мерките и активностите со одговорни за нивното извршување,потребата од консултирани страни,временската рамка за почетокот и крајот на извршувањето на утврдените мерки и активности, потребните човечки ресурси и финансиските ресурси потребни за реализација на секоја мерка и активност поединечно и збирно по резултати. Посебен табеларен преглед по програми е изготвен за влијанието на човечките ресурси потребни за реализирање на програмите односно мерките и активностите предвидени во нив,изготвен е табеларен преглед за 2008,2009 и 2010 година кој го третира принципот на правичната застапеност,а истовремено за истиот период планот содржи табеларен преглед за развивање на заедничките функции на секретаријатот и управување со информациски технологии.

Во целина стратешкиот план на СЕП ги задоволува утврдените стандарди утврдени со нормативната рамка која ја уредува оваа област. Истиот ќе допринесе кон достигнување на визијата на секретаријатот,а истовремено ќе даде свој придонес и кон остварувањето на приоритетите и приоритетните цели на Владата на РМ и обврските од НПАА. Добро структуриран стратешки план кој ги содржи сите потребни елементи согласно матрицата за изготвување на истиот,амбициозен но реално остварлив доколку се обезбедат потребните средства,човечки ресурси и др. во функција на реализација на мерките и активностите односно резултатите предвидени по утврдените програми во стратешкиот план 2008-2010 на СЕП.